Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2026 ГОДИНА НА СЕКТОРОТ

# АКАДЕМИЈА ЗА ЈАВНИ ФИНАНСИИ

2026

Министерство за финансии
Скопје, декември 2025

# 1. ВОВЕД

Годишната програма за работа на Секторот Академија за јавни финансии за 2026 година е донесена врз основа на член 49 став 1 и став 55 став 1 од Законот за органиција и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19, 110/19, 154/19 и 121/24).

Годишната програма за работа на Секторот Академија за јавни финансии за 2026 година (во понатамошниот текст: Годишната програма за работа) е изработена во согласност со стратешките приоритети на Министерството за финансии (во понатамошниот текст: Министерството) и се темели на принципите на професионален развој, транспарентност, ефикасност и отчетност.

Целите и активностите во Годишната програма за работа се целосно усогласени со планираните цели и активности утврдени во Годишната програма за работа на Министерството за 2026 година. Дополнително, тие се во согласност со Стратешкиот план на Министерството за финансии за периодот 2026-2028 и Програмата за управување со јавните финансии за 2025-2028 година, со цел да се обезбеди синергија и конзистентност во постигнувањето на стратешките приоритети.

Секторот Академија за јавни финансии(во понатамошниот текст: Академија за јавни финансии) има клучна улога во зајакнување на капацитетите на јавниот сектор преку континуирана едукација и развој на вештини на вработените во јавниот сектор во областа на јавните финансии.

Годишната програма за работа опфаќа широк спектар на цели и активности насочени кон зајакнување на внатрешните капацитети на Академија за јавни финансии, како и кон унапредување на знаењата, вештините и професионалните стандарди во целиот јавен сектор.

Во согласност со динамиката на процесите под надлежност на секторот, се дефинираат активности кои континуирано се мониторираат. Реализацијата на активностите се следи преку акциски план, кој претставува составен дел од Годишната програма за работа.

Со реализацијата на предвидените активности, Академија за јавни финансии ќе придонесе кон јакнење на капацитетите на институциите во јавниот сектор, подобрување на финансиското управување и остварување на стратешките цели на јавната администрација.

Оваа Годишна програма за работа претставува чекор напред во заедничките напори за професионализација и унапредување на јавните финансии како суштинска основа за ефикасно, отчетно и одржливо управување со јавните средства.



## 1.1. Мисија на Академија за јавни финансии

Да едуцира, сертифицира и инспирира поединци, тимови и организации во насока на унапредување на знаењето во областа на јавните финансии.




## 1.2. Визија на Академија за јавни финансии

Да прерасне во Национална едукативна организација за извонредност на професионалци од јавниот сектор во областа на јавните финансии.



**01**

Цел 1:

Јакнење на институционалниот и организацискиот капацитет на Академијата за јавни финансии

**02**

Цел 2:

Зајакнување на комуникациските и капацитетите за видливост на Академијата за јавни финансии




**04**

Цел 4:

Континуирани активности од делокругот на работа на Академијата за јавни финансии

**03**

Цел 3:

Воспоставување и имплементација на интегриран систем за мониторинг и евалуација

# 2. ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ

Во рамките на Годишната програма за работа, Академијата за јавни финансии ги дефинира своите цели, кои се основа за развој и имплементација на различни активности во текот на годината. Овие цели се внимателно избрани и усогласени со Годишниот план за работа на Министерството за финансии, Стратешкиот план на Министерството за финансии и Програмата за управување со јавни финансии, како и со потребите на јавниот сектор во областа на јавните финансии.

Активностите се дизајнирани како одговор на актуелните предизвици и приоритети во областа, со цел да обезбедат системски пристап за ефективно постигнување на поставените цели. Текстот на годишната програма за работа вклучува детално опишување на секоја активност, додека акцискиот план, како прилог истата, ги дефинира индикаторите за успех, кои овозможуваат континуирано следење на напредокот и оценување на постигнатите резултати. За секоја активност се утврдуваат одговорните лица и временските рокови за реализација, што обезбедува јасност и контрола во спроведувањето на активностите.

Покрај тоа, се воспоставуваат механизми за мониторинг и оценување кои овозможуваат постојан надзор над реализацијата на активностите, како и обезбедување на повратни информации кои ќе ја унапредат идната работа на Академијата за јавни финансии.

Во понатамошниот текст на Годишната програма за работа детално се наведени целите и активностите.

## 1 Цел 1: Јакнење на институционалниот и организацискиот капацитет на Академијата за јавни финансии

Оваа цел е насочена кон сеопфатно и одржливо унапредување на институционалните, организациските и човечките капацитети на Академијата за јавни финансии, со цел обезбедување на висок квалитет, ефикасност и конзистентност во планирањето и реализирањето на обуките. Преку ревидирање и развој на методологии, стандардизација на работните процеси, изработка на стратешки и програмски документи, како и развој на наставни програми и прирачници, Академијата ќе воспостави јасна и функционална рамка за професионално работење и континуирано учење.

Истовремено, целта опфаќа јакнење на капацитетите на обучувачите и вработените преку континуиран професионален развој, поттикнување на заедничко учење и размена на искуства, како и унапредување на техничките и дигиталните решенија за учење и соработка. Со спроведување на овие активности, Академијата за јавни финансии ќе ја зацврсти својата позиција како современа и стратешки ориентирана организација, способна ефективно да ги поддржи реформите и потребите на јавниот сектор во областа на јавните финансии.

## Активност 1: Ревидирање на Методологијата за работа на Академијата за јавни финансии

1

Оваа активност опфаќа сеопфатна анализа и ревидирање на постојната Методологија за работа на Академијата за јавни финансии, со цел нејзино усогласување со стратешките цели и развојната визија на Академијата за јавни финансии, како и со релевантните добри меѓународни практики во областа на институционалниот развој и учењето во јавниот сектор. Во рамки на активноста ќе се унапредат работните процеси и процедурите за планирање, реализација, следење и евалуација на обуките, со што ќе се обезбеди зголемена ефикасност, транспарентност и квалитет во работењето на Академијата за јавни финансии. Со ваквиот пристап ќе се воспостави појасна, поефикасна и стандардизирана рамка за работа, што ќе придонесе кон зголемена ефикасност, транспарентност и конзистентен квалитет во работењето на Академијата за јавни финансии и ќе создаде цврста основа за нејзин понатамошен развој.

## Активност 2: Развој на Методологија за програма за обуки за раководни службеници

2

Во рамките на оваа активност, Академијата за јавни финансии ќе развие сеопфатна методологија за изработка на годишната програма за обуки, која ќе биде насочена за раководните службеници. Оваа методологија ќе овозможи ефективно спроведување на проценка на потребите за обуки, што ќе резултира со креирање на Годишната програма за обуки, целосно прилагодена на потребите и предизвиците со кои се соочуваат раководните службеници. Овој процес ќе обезбеди континуирана едукација и унапредување на компетенции кои се неопходни за успешно управување со јавните финансии.

## Активност 3: Изработка на Стратегија за развој на капацитети на Академијата за јавни финансии

3

Оваа активност опфаќа изработка на Стратегија за развој на капацитети на Академијата за јавни финансии, како документ кој ќе ги дефинира среднорочните и долгорочните насоки за развој, јакнење на човечките ресурси и унапредување на организациските и функционалните капацитети на Академијата за јавни финансии.
Стратегијата ќе придонесе за јакнење на улогата на Академијата за јавни финансии како организација која обезбедува континуирана едукација во областа на јавните финансии за јавниот сектор, преку системско усогласување на нејзините човечки и институционални капацитети со Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии 2025–2028 и со приоритетите поврзани со процесот на пристапување кон Европската унија. Документот ќе обезбеди јасна рамка за планирање на развојните активности, приоритизација на ресурсите и следење на напредокот во зајакнувањето на капацитетите.

Стратегијата ќе се изработи со експертска поддршка во рамки на ИПА проектот „Поддршка за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии 2025–2028“, а процесот на нејзина подготовка ќе биде инклузивен и партиципативен, преку организирање на работилница со релевантни засегнати страни, со цел да се обезбеди усогласеност со реалните потреби на јавниот сектор и долгорочната визија за развој на Академијата за јавни финансии.

## Активност 4: Развој на Прирачник за обучувачи

4

Во рамките на оваа активност, Академијата за јавни финансии ќе изработи Прирачник за обучувачи со цел воспоставување унифициран пристап и стандарди за планирање, подготовка и спроведување на обуките кои се планирани согласно Годишната програма за обука од областа на јавните финансии. Прирачникот ќе содржи методолошки насоки, практични алатки и препораки за ефективна испорака на обуки, вклучително и принципи на учење на возрасни и интерактивни методи на работа. Активноста ќе придонесе кон унапредување на квалитетот, конзистентноста и професионалноста на обуките што ги реализира Академијата за јавни финансии.

## Активност 5: Развој на наставни програми согласно Годишната програма за обука од областа на јавни финансии во соработка со експерти

5

Активноста опфаќа развој на наставни програми за дел од обуките предвидени со Годишната програма за обука од областа на јавните финансии за 2026 година, со цел обезбедување структурирани, релевантни и квалитетни едукативни содржини кои одговараат на реалните потреби на јавниот сектор. Преку оваа активност ќе се обезбеди систематизиран и стандардизиран пристап во креирањето на обуките, со јасно дефинирана логика на учење и очекувани резултати.

Дел од наставните програми ќе се изработуваат со експертска поддршка во рамки на ИПА проектот „Поддршка за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии 2025–2028“, преку дефинирање на јасни цели на учење, релевантни содржини и соодветни методи на работа. При нивната изработка ќе се земат во предвид современите принципи на учење на возрасни и практичната применливост на знаењата во секојдневното работење. Со тоа ќе се обезбеди усогласеност на наставните програми со стратешките приоритети и реформските процеси во областа на јавните финансии, како и зголемена ефективност и одржливост на обуките што ги спроведува Академијата за јавни финансии.

## Активност 6: Воспоставување и развој на „заедница на обучувачи“

6

Активноста опфаќа воспоставување и континуиран развој на „заедница на обучувачи“ како мрежа за професионална размена, меѓусебно учење и систематско споделување на знаења и искуства меѓу обучувачите на Академијата за јавни финансии, кои се вработени во Министерството. Заедницата ќе придонесе за унапредување на стручните и педагошките компетенции, како и за усогласување на пристапите и стандардите во подготовката и реализацијата на обуките.

Преку организирање на редовни средби, тематски дискусии, работилници и активности за заедничко учење, обучувачите ќе имаат можност да разменуваат добри практики, да дискутираат за предизвиците во наставниот процес и да развиваат иновативни методи на работа. Воспоставувањето на оваа заедница ќе придонесе кон континуирано унапредување на квалитетот и конзистентноста на обуките, јакнење на професионалниот идентитет на обучувачите и создавање одржлив механизам за институционално учење и развој во рамки на Академијата за јавни финансии.

## Активност 7: Зајакнување на техничките и дигиталните капацитети

7

Активноста опфаќа развој на онлајн платформа за учење, која ќе функционира како централен дигитален простор за учење, размена и соработка. Платформата ќе овозможи лесен и континуиран пристап до едукативни материјали и ресурси (е-библиотека), ќе биде прилагодена за користење на различни паметни уреди и ќе обезбеди навремено информирање за најновите практики во областа на јавните финансии.

Во рамки на активноста ќе се развијат видео упатства и насоки за ефективно користење на платформата. Дополнително, ќе се организираат онлајн обуки преку платформата, со што ќе се овозможи пофлексибилен и подостапен пристап до учењето и ќе се зајакне улогата на платформата како клучна алатка за професионален развој во областа на јавните финансии.

## Активност 8: Континуиран професионален развој на вработените во Академијата за јавни финансии

8

Активноста опфаќа планирање и спроведување на мерки за континуиран професионален развој на вработените во Академијата за јавни финансии, со цел јакнење на нивните стручни, методолошки, дигитални и организациски компетенции. Во рамки на активноста ќе се реализираат интерни и екстерни обуки, работилници, студиски посети и учество на релевантни настани, со цел унапредување на знаењата и вештините потребни за ефикасно извршување на работните задачи и поддршка на стратешкиот развој на Академијата за јавни финансии.

# 2 Цел 2: Зајакнување на комуникациските и капацитетите за видливост на Академијата за јавни финансии

Целта е насочена кон системско и стратешко унапредување на комуникациските капацитети и јавната видливост на Академијата за јавни финансии, преку спроведување на сет на интегрирани комуникациски активности кои се планирани и дефинирани во Комуникациската стратегија на Академијата за јавни финансии. Преку реализација на овие активности ќе се обезбеди јасна, конзистентна и професионална комуникација со клучните целни групи, институциите, партнерите и пошироката јавност.

Целта опфаќа зајакнување на транспарентноста и информираноста за мисијата, улогата, програмите за обука и резултатите од работењето на Академијата за јавни финансии, преку подобрено управување со веб-содржините, развој на дигитални и печатени комуникациски алатки, активно присуство на професионалните социјални мрежи и реализација на тематски медиумски кампањи. Истовремено, целта предвидува воспоставување редовен и структуриран дијалог со засегнатите страни, со што ќе се зајакне довербата, ќе се поттикне соработка и ќе се обезбедат квалитетни повратни информации за континуирано унапредување на програмите и активностите на Академијата за јавни финансии.

Со имплементација на активностите предвидени со Комуникациската стратегија, Академијата за јавни финансии ќе ја зацврсти својата јавна препознатливост и кредибилитет, ќе ја позиционира својата улога како релевантен и современ носител на знаења и капацитети во областа на јавните финансии и ќе придонесе кон промена на перцепцијата за професионалниот развој како клучен фактор за квалитетно и одговорно управување со јавните финансии.

## Активност 1: Управување со комуникациските активности, веб-содржините и јавната видливост на Академијата за јавни финансии 1

Оваа активност опфаќа сеопфатно планирање, координација и континуирана реализација на комуникациските активности на Академијата за јавни финансии, со цел зголемување на транспарентноста, видливоста и јавната препознатливост на нејзината улога, мисија и активности. Во рамки на активноста ќе се уредува, ажурира и одржува наменскиот дел на Академијата за јавни финансии на веб-страната на Министерството за финансии, како централен извор на информации за програмите за обуките, настаните и резултатите од работењето на Академијата за јавни финансии.

Активноста вклучува подготовка и редовно објавување на информативни и едукативни содржини, со кои ќе се обезбеди навремено информирање на целните групи, зголемување на јавната транспарентност и поттикнување на интересот за континуиран професионален развој во областа на јавните финансии. Содржините ќе опфаќаат најави и извештаи од обуки, информации за програмите и можностите за учество, добри практики, резултати и релевантни теми од областа на јавните финансии.

Дополнително, активноста опфаќа и континуирано управување со тековните комуникациски процеси, вклучително и координација на јавната комуникација, навремена размена на информации со медиумите и обезбедување конзистентен и професионален пристап во комуникацијата со јавноста. Преку интегриран и систематски пристап кон комуникацијата, Академијата за јавни финансии ќе ја зајакне својата јавна видливост, довербата кај институциите и корисниците, како и својата позиција како релевантен и кредибилен носител на капацитети во областа на јавните финансии.

## Активност 2: Отварање на независен професионален Линкедин профил на Академијата за јавни финансии 2

Активноста опфаќа отворање и воспоставување на независен професионален Линкедин профил на Академијата за јавни финансии, со цел унапредување на видливоста, комуникацијата и професионалното позиционирање на Академијата за јавни финансии. Преку редовно споделување на релевантни информации, објави за обуки, настани, активности и стручни содржини, профилот ќе придонесе за зголемување на транспарентноста, вмрежувањето со релевантни институции и експерти, како и за зајакнување на присуството на Академијата за јавни финансии во професионалната заедница.

## Активност 3: Дизајнирање и изработување на официјална брошура на Академијата за јавни финансии (печатена и дигитална) 3

Активноста опфаќа дизајнирање и изработка на официјална брошура на Академијата за јавни финансии, во печатена и дигитална форма, со цел јасно и систематски претставување на мисијата, надлежностите, програмите за обука и активностите на Академијата за јавни финансии. Брошурата ќе служи како информативен и промотивен материјал наменет за институциите, партнерите и пошироката јавност, придонесувајќи кон зголемување на видливоста, препознатливоста и транспарентноста на Академијата за јавни финансии.

## Активност 4: Започнување и спроведување на медиумска кампања „Мојата кариера: Паметни финансии за паметен раст“ 4

Активноста опфаќа планирање, започнување и спроведување на медиумска кампања „Мојата кариера: Паметни финансии за паметен раст“, со цел унапредување на јавната свест за значењето на континуираниот професионален развој во областа на јавните финансии и промоција на улогата на Академијата за јавни финансии. Кампањата ќе вклучува различни комуникациски активности и медиумски содржини насочени кон информирање, мотивирање и ангажирање на целните групи, придонесувајќи кон зголемена видливост и препознатливост на Академијата за јавни финансии.

## Активност 5: Планирање и организирање на годишен состанок со засегнатите страни

5

Активноста опфаќа планирање и организирање на годишен состанок со засегнатите страни, со цел унапредување на дијалогот, соработката и размената на информации помеѓу Академијата за јавни финансии и релевантните институции и партнери. Состанокот ќе овозможи презентација на реализираните активности и резултати, дискусија за приоритетите и потребите, како и прибирање повратни информации за понатамошно унапредување на програмите и активностите на Академијата за јавни финансии.

## 3 Цел 3: Воспоставување и имплементација на интегриран систем за мониторинг и евалуација

Целта е насочена кон воспоставување и функционално имплементирање на интегриран, систематски и одржлив систем за мониторинг, евалуација и обезбедување квалитет на целокупното функционирање на Академијата за јавни финансии. Овој систем ќе овозможи континуирано и објективно следење на реализацијата на програмите, активностите и внатрешните процеси на Академијата за јавни финансии, како и оценување на нивната ефикасност, ефективност и усогласеност со стратешките цели и приоритети.

Преку примена на стандардизирани евалуациски инструменти, јасно дефинирани индикатори и редовно прибирање и анализа на податоци, системот ќе обезбеди релевантни и мерливи информации за квалитетот на обуките, но и за пошироките аспекти на работењето, вклучително и планирањето, организацијата, комуникацијата, управувањето со ресурси и институционалниот развој.

Дополнително, преку подготовка на редовни мониторинг извештаи со иницијални препораки, системот ќе овозможи навремено идентификување на предизвици, ризици и можности за унапредување, како и носење информирани одлуки и прилагодување на активностите во текот на нивната реализација. На овој начин, Академијата за јавни финансии ќе воспостави култура на континуирано подобрување, отчетност и учење, зајакнувајќи ја својата институционална поставеност и долгорочна одржливост.

## Активност 1: Унапредување и стандардизација на евалуацискиот инструмент за обуките на Академијата за јавни финансии

1

Активноста опфаќа ревидирање, унапредување и стандардизација на постојниот евалуациски инструмент што се користи за прибирање повратни информации од учесниците по завршување на обуките на Академијата за јавни финансии. Станува збор за единствен евалуациски формулар што се применува за сите обуки кои се спроведуваат согласно со годишната програма за обуки од областа на јавните финансии, кој ќе биде подобрен со цел да обезбеди поквалитетни, порелевантни и мерливи податоци за оценување на квалитетот и ефективноста на обуките.

Во рамки на активноста ќе се преиспитаат постојните прашања и индикатори, ќе се унапреди структурата и содржината на формуларот, како и начинот на негово пополнување, со цел подобро мерење на задоволството на учесниците, релевантноста на содржините, квалитетот на обучувачите и применливоста на стекнатите знаења и вештини. Со унапредувањето и стандардизацијата на евалуацискиот инструмент ќе се воспостави поконзистентен и систематски пристап кон следење и подобрување на квалитетот на обуките, како и посилна основа за донесување одлуки и понатамошно унапредување на програмите за обука на Академијата за јавни финансии.

## Активност 2: Изработка на полугодишен извештај за мониторинг

2

Активноста опфаќа изработка на полугодишен извештај за мониторинг на спроведувањето на програмите и активностите на Академијата за јавни финансии, со цел систематско следење на напредокот, оценување на постигнатите резултати и навремено идентификување на потребата од прилагодувања.

Извештајот ќе се подготвува согласно Стратегијата за мониторинг и евалуација на Академијата за јавни финансии и ќе се заснова на јасно дефинирани индикатори, податоци и резултати внесени во Табелата за мониторинг на успешноста. Анализата ќе опфати степен на реализација на планираните активности, постигнати резултати во однос на утврдените цели, како и идентификувани предизвици и ризици во спроведувањето.

Врз основа на наодите, извештајот ќе содржи иницијални препораки и предлози за прилагодување и унапредување на активностите во наредниот шестмесечен период, со цел зголемување на ефективноста, ефикасноста и усогласеноста на работењето со стратешките приоритети на Академијата за јавни финансии.

4

## Цел 4: Континуирани активности од делокругот на работа на Академијата за јавни финансии

Целта е насочена кон воспоставување и одржување на систематски и континуиран процес за идентификација на потребите за обука, планирање, развој и реализација на програми за обука во областа на јавните финансии, во согласност со стратешките приоритети, реформските процеси и реалните потреби на институциите од јавниот сектор.

Преку спроведување на анализа на потребите за обука, изработка на извештаи, подготовка на годишни програми за обука, развој и реализација на планираните обуки, како и организирање тематски и ад-хок обуки со обезбедување стручна поддршка, Академијата за јавни финансии ќе обезбеди релевантни, применливи и навремени програми за јакнење на капацитетите на вработените во јавниот сектор.

Остварувањето на оваа цел ќе придонесе кон подобра усогласеност на обуките со приоритетите на јавните финансии, поефикасна имплементација на реформите и континуирано унапредување на знаењата, вештините и професионалните компетенции во јавниот сектор.

### Активност 1: Анализа на потребите за обука во областа на јавни финансии

1

Активноста опфаќа спроведување на систематска и сеопфатна анализа на потребите за обука во областа на јавните финансии, со цел идентификување на приоритетните теми, целни групи и клучни компетенции кои е потребно да се унапредат кај вработените во јавниот сектор. Анализата ќе претставува основа за планирање на програмите за обука на Академијата за јавни финансии.

Процесот на анализа ќе се реализира преку комбинирање на повеќе методи и извори на податоци. Првенствено, ќе се спроведе истажување преку споделување на прашалник кој ќе биде доставен до мрежата на контакти што Академијата за јавни финансии континуирано ја одржува со институциите од јавниот сектор на централно и локално ниво. Дополнително, анализата ќе вклучи преглед и анализа на релевантни интерни документи на Министерството за финансии и Академијата за јавни финансии, како и на програмски и стратешки документи, вклучително и Програмата за работа на Министерството за финансии, Стратешкиот план, релевантни извештаи од државните органи, Програмата за работа на Владата и други поврзани политики и стратегии.

Со ваквиот интегриран пристап ќе се обезбеди сеопфатен увид во актуелните и идните потреби за развој на капацитетите, ќе се зајакне усогласеноста на програмите за обука со реформските приоритети и ќе се обезбеди релевантност и применливост на обуките што ги планира и спроведува Академијата за јавни финансии.

## Активност 2: Извештај од спроведена анализа за потреба од обуки во областа на јавни финансии

2

Активноста опфаќа изработка на извештај врз основа на спроведената анализа на потребите за обука во областа на јавните финансии, кој ќе претставува систематско сумирање и обработка на сите прибрани податоци и информации. Извештајот ќе ги опфати клучните наоди од анализата на одговорите добиени преку прашалниците доставени до институциите од јавниот сектор на централно и локално ниво, како и резултатите од анализата на релевантните интерни и стратешки документи.

Во извештајот ќе бидат јасно идентификувани приоритетните области за обука, целните групи, потребните знаења и компетенции, како и трендовите и предизвиците поврзани со управувањето со јавните финансии. Дополнително, извештајот ќе содржи заклучоци и препораки за понатамошен развој и приоритизација во програмата за обука.

## Активност 3: Изготвување Годишна програма за обука од областа на јавните финансии за 2027

3

Активноста опфаќа изготвување на Годишната програма за обука од областа на јавните финансии за 2027 година, врз основа на спроведената анализа на потребите за обука, утврдените стратешки приоритети и расположливите институционални ресурси. Програмата ќе обезбеди јасна и структуирана рамка за планирање на обуките, преку дефинирање на приоритетни тематски области, целни групи, видови обуки и временска динамика за нивна реализација.

Со изготвувањето на Годишната програма за обука ќе се обезбеди транспарентен, усогласен и систематски пристап кон развојот на капацитетите во областа на јавните финансии, во согласност со потребите на јавниот сектор и стратешката улога на Академијата за јавни финансии.

## Активност 4: Развој и реализација на обуки согласно Годишната програма за обука од областа на јавните финансии за 2026 година

4

Активноста опфаќа развој, подготовка и спроведување на обуки во согласност со Годишната програма за обука од областа на јавните финансии за 2026 година. Во рамки на активноста ќе се изработуваат соодветни наставни програми и едукативни материјали, ќе се ангажираат обучувачи и ќе се реализираат планираните обуки преку соодветни методи на учење. Активноста е насочена кон унапредување на знаењата, вештините и професионалните компетенции на вработените во јавниот сектор, како и кон поддршка на ефективното и квалитетно управување со јавните финансии.

### Активност 5: Организирање и спроведување на тематски и ад-хок обуки и обезбедување стручна поддршка за спроведување на реформите во јавните финансии

5

Активноста опфаќа планирање, организирање и спроведување на тематски и ад-хок обуки поврзани со нови закони, стратегии и реформски процеси во областа на јавните финансии, како и обезбедување стручна и практична поддршка на институциите во процесот на нивна имплементација. Обуките ќе се реализираат врз основа на утврдени приоритети, конкретни барања од институциите, сектори од министерството и партнерите, и ќе бидат прилагодени на реалните потреби и специфичните предизвици во нивното работење.

Активноста ќе вклучува размена на искуства и добри практики, анализа на практични случаи и примери од праксата, како и насочена поддршка за надминување на идентификуваните предизвици при спроведувањето на реформските решенија. На овој начин, Академијата за јавни финансии ќе обезбеди навремена и ефикасна поддршка на институциите, придонесувајќи кон поефикасна имплементација на реформите, унапредување на институционалните капацитети и подобро функционирање на јавниот сектор.

# 3. АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА ЈАВНИ ФИНАНСИИ

Акцискиот план претставува клучен инструмент за систематско, ефикасно и целисходно спроведување на Годишната програма за работа на Академијата за јавни финансии. Тој ги опфаќа сите приоритетни активности неопходни за остварување на утврдените стратешки цели, преку јасно дефинирани мерки, временска динамика, носители на активности и индикатори за следење на успешноста.

Планот е структуриран на начин што овозможува редовен мониторинг на реализацијата и навремено идентификување на потребата од прилагодувања, со цел зголемување на ефикасноста и квалитетот на спроведувањето. Следењето и мерењето на постигнатите резултати ќе се врши на полугодишна основа, врз основа на утврдени индикатори и мерила за успешност.

Со цел обезбедување на транспарентност, отчетност и континуирано унапредување на работењето, во јануари 2027 година ќе биде изготвен Годишен извештај за реализација на Годишната програма за работа на Академијата за јавни финансии. Извештајот ќе даде сеопфатен преглед на степенот на реализација на планираните активности, ќе ја оцени нивната ефикасност и постигнатото влијание, како и ќе утврди заклучоци и препораки кои ќе послужат како основа за унапредување на работењето и за идното програмско планирање.



# 4. ЗАКЛУЧОК И СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

Годишната програма за работа претставува клучен инструмент за операционализација на стратешките определби и за систематско унапредување на институционалните и човечките капацитети на Академијата за јавни финансии. Преку јасно дефинирани цели, активности и временски рамки, Годишната програма за работа обезбедува структуриран пристап кон развојот на вработените и процесите, унапредување на програмата за обука за јавниот сектор, како и интеграција на иновативни и дигитални решенија во работењето на Академијата за јавни финансии.

Имплементацијата на Годишната програма за работа ќе придонесе кон поефикасно, квалитетно и транспарентно спроведување на планираните активности, со посебен акцент на инклузивност, отчетност и соработка со релевантните засегнати страни. Континуираниот мониторинг на напредокот ќе овозможи навремено следење на реализацијата, идентификување на предизвиците и преземање соодветни корективни мерки, со цел целосно остварување на поставените цели и стратешките приоритети на Академијата за јавни финансии.

Во наредниот период, Академијата за јавни финансии ќе продолжи со доследна реализација на Годишната програма за работа, при што на почетокот на следната календарска година ќе се спроведе сеопфатна и објективна евалуација на постигнатите резултати. Наодите од евалуацијата ќе послужат како основа за планирање на идните активности, унапредување на програмските пристапи и понатамошно усогласување на стратешките цели за следниот програмски период. Овој континуиран циклус на планирање, спроведување, следење и подобрување ќе ја зајакне улогата на Академијата за јавни финансии како релевантен, кредибилен и стратешки чинител во развојот на капацитетите во областа на јавните финансии.

# 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Годишната програма за работа на Академијата за јавни финансии за 2026 година ќе се спроведува во согласност со Акцискиот план, кој е составен дел на оваа Програма и претставува основа за реализација на предвидените активности.
Годишната програма за работа на Академијата за јавни финансии влегува во сила со денот на донесување од страна на министерот за финансии.
По нејзиното донесување, Годишната програма за работа на Академијата за јавни финансии ќе биде објавена на официјалната веб-страница на Министерството за финансии.

# 6. ПРИЛОЗИ

- Акциски план за следење на реализацијата на Годишната програма за работа на Академијата за јавни финансии

**Архивски број:**
**Датум:**

**Министер за финансии**

**м-р Гордана Димитриеска-Кочоска**